# УБАВИНАТА
# *на скриените*
# НЕШТА

Ивана Спасев

САКАМ КНИГИ

*На мојот сопруг, мојата најцврста карпа.*

*На мојата ќерка, мојот најголем борец.*

*На мојот син, моето најголемо чудо.*



## Пред да започнеме...

Долго размислував дали да вклучам предговор, дали воопшто нешто да кажам и колку да откријам за приказната или да ве пуштам целосно наслепо да запловите. На крајот, прашањето го доби својот одговор кога почнав да размислувам само како читател, не како автор или уредник. Се запрашав, што сакаме ние, читателите? И знам дека кога ќе ѝ се предадеме целосно на една книга, сакаме да знаеме сè. *Каква* е оваа приказна, дали вистинита или потполно фиктивна; *чија* е оваа приказна, *каде* се одвива дејството, *кои* се овие места за кои се зборува, *кои* се овие песни кои будат толкави емоции кај ликовите, која е главната *тема*...

Затоа решив да одговорам дел од прашањата уште на самиот почеток, како отскочна штица од која ќе скокнете поблиску до сржта на приказната. Затоа што навистина сакам да ја *почувствувате* оваа книга, не само да ја прочитате. Затоа што ми е премногу лична и важна. Затоа што, да, оваа книга е инспирирана од вистинска приказна. Голем дел од настаните се производ на мојата имагинација, но огромен дел од нив се и значаен фрагмент од вистински живот (ќе појаснам и во која мера откако ќе завршиме).

Што се однесува до локацијата, вистинската приказна се случуваше овде, во Македонија, во Скопје. Но ќе забележите дека местата не ми се именувани со своите вистински имиња од едноставна причина што не сакав да ја

ставам мојата фантазија во клешта. Реката Јорвика, која е важен дел од приказната, е всушност моја фиктивна комбинација на повеќе води: Вардар, Треска, Матка, Козјак, Радика. Малата планина која не е именувана е Водно, со сите свои страни и брда. Викенд населбата со вили, Сончев Рид, е исто така една моја фиктивна слика инспирирана од Сопиште и Сончевиот Град планиран на Водно, дополнети со прекрасната Јорвика. Населбата во која расте главниот машки лик, опишана како малку опасна во тоа време, е всушност Чаир. Долго размислував дали сепак да се фиксирам за вистинските места и имиња, но кога приказната почна да расте и да оживува, сфатив дека тоа е во природата на творењето веројатно, да измислиш и нешто што не постои, да го измениш, да го разубавиш и донесеш на свој начин. Сега кога знаете, можете да ги замислувате вистинските места или да визуелизирате сосема свои врз основа на моите описи. Како и да е, се надевам дека нема да ви пречи што малку го реконструирав Скопје.

Во поглед на песните кои ќе ги сретнете во книгата, ќе ви биде потребна апликација за читање на QR кодови или можете да ги побарате на YouTube за комплетен ефект. Оваа приказна е проткајана со песни кои имаат големо значење за мене и моите ликови. Иако текстовите се испишани, не верувам дека некогаш би можеле да се пренесат сите емоции без музиката и вокалите, па доколку сакате во целост да ја почувствувате и оживеете, слушнете ги и песните кога ќе дојдете до нив.

Ќе се извинам однапред, за малку погрубиот и на моменти вулгарен тон на главниот машки лик. Сакав тој да има свој, автентичен глас, па ги потиснував сопствените импулси за рафинирање и му ги оставав неговите поглавја како простор каде што ќе биде комплетно свој.

За крај, ќе се навратам на фактот дека оваа книга е инспирирана од делумно вистинити настани и една многу лична, премногу болна тема; од една голема љубов и една огромна болка, па ве замолувам, пред да ви предадам парче од мојата душа на тацна, бидете нежни со неа...

За сѐ останато, ќе зборуваме по епилогот.

# ПЛЕЈЛИСТА

Кој да ми запее – Каролина Гочева

Ми требаш ти – Патници

Ти не дојде – Каролина Гочева



# Пролог

Порано, таа веруваше дека љубовта може да издржи и преживее сè.

Време. Далечина. Загуба.

Особено таква љубов како нивната – онаа љубов која целосно те проголтува: неуморна, непопустлива, излудувачка. Онаа љубов доволно моќна да ги промени дури и законите на гравитацијата. Онаа љубов која го држи сиот универзум – сè додека не го остави да се распрсне.

Но кога станува од асфалтот пред куќата што ја изградија заедно и се оддалечува назадечки, зјапајќи во човекот кому му се заколна на вечност, знае. Сега знае дека од некои загуби, не можеш да се вратиш никогаш. Некои загуби те кршат, непоправливо.

Ветрот ја турка, чиниш ќе ја однесе, како бестежинско тело. Сега е само сенка од жената која некогаш стоеше тука смеејќи се, љубејќи, верувајќи. Сега, таа е само коски завиени во тага, испиена од страшното нешто што сè уште не се осмелува да го изговори на глас.

Тој ја гледа како и самиот да се дави, како таа да е единственото нешто што го држи над површината на водата. Да, порано беше тоа што секогаш го држеше да не потоне во длабочините. Но не може да биде веќе.

„Кажи нешто“, ја моли, неговиот глас крвави рапавина, напукнува на зборовите.

Таа не кажува. Затоа што повеќе нема што да се каже.

Не по она што штотуку го изгубија.

# ПРВ ДЕЛ



# Март, 2021 година

## Ирис

Сегашност

Дванаесет години...

Одлетани како преплашени птици по разорен земјотрес. Изгрејсонце по изгрејсонце, сегашноста се прелева во минато, во задиживот.

Не можеше да поверува дека беа изминати толку години од дента кога го запозна, од почетокот на сѐ што ја доведе до овој миг, почетокот на ништо.

Стоеше на работ на реката Јорвика, местото каде некогаш пловеа нивните соништа. Водата блескаше под бледата месечева светлина како нем сведок на минувањето на времето. Беше облечена во црни хеланки и црна кожна јакна затоа што на брегот секогаш беше свежо навечер, особено кога дуваше како сега, разлетувајќи ѝ ја косата на сите страни, како што и животот ги дуваше во разни правци, за на крајот да ја фрли во оваа бездна на очај и конфузија.

Куќата што ја имаа изградено со толку љубов и очекувања сега се надвиснуваше горе на брдото како дух, како лушпа од спомени и скршени ветувања. Ѕидовите во кои некогаш одекнуваше смеа и живееше надежта сега делуваа како затвор на тишината.

„Како дојдовме до тука?“ прошепоти во мракот, тажно-гневно.

Срцето ѝ беше толку полно со болка што на моменти ѝ се чинеше дека низ нејзините вени повеќе не тече топла крв, туку самата река, ладна и неуморна.

Разочарувањето ѝ тежеше на рамената како оловна наметка што не можеше да ја соблече, дури ни за миг, да одмори, да земе здив пред повторно да ја наметне следното утро. А беше толку сигурна во патот по кој се движеа, беше толку проклето сигурна во нив.

Се соочија со толку искушенија, искачија толку планини во таписеријата на нивните животи, за на крајот да бидат уништени од злобна игра на судбината. Итан, нејзината карпа, љубовта на нејзиниот живот, се претвори во нејзиниот најголем непријател. Човекот кој ѝ беше сѐ на светот стана симбол на нејзиното пропаѓање.

Подобро да земеше да ја убие, немаше толку да боли.

Ги затвори очите кога студениот вечерен воздух го помилува нејзиното лице. И сега можеше да го види пред себе, како да беше вчера, неговиот лик, каков што беше тогаш, кога се запознаа. Човек поголем од самиот живот. Толку полн со жизнерадосност, со енергија, толку полн со ветувања. Каде ли погрешија?

Сакаше да разбере, да го расплете минатото како лошо сплетен џемпер, да ги раскине сите конци и да го најде моментот кога сѐ започна да се распаѓа. Можеби не постоеше друг начин некогаш да ги состави парчињата од својот скршен живот. Повторно ги затвори очите и силно го повлече првиот конец од волницата.

Немаше што да изгуби, и без тоа сѐ беше отидено во неповрат.

# Мај, 2009 година

## Ирис

Нејзините раце благо треперea додека го местеше безбедносниот елек. Не беше сигурна дали се должеше на возбудата, на адреналинот или на страв затоа што отсекогаш беше авантуристички настроена, а ова не беше ни најстрашната работа што ја имаше направено во животот.

Со ентузијазам го прифати предлогот за кајакарење на нејзините пријатели, особено затоа што ѝ се виде како одлична шанса малку да се олабави од стресот од испитната сесија. Го обожаваше архитектонскиот факултет и со елан ги учеше сите предмети, но испитните сесии секогаш беа претерано напорни, а таа беше позната по тоа дека си наметнуваше превисоки очекувања и секогаш бараше премногу од себе. Паѓањето не беше опција иако не беше лесно постојано да се живее со тој притисок, макар и кога си го создаваш самиот.

Самата глетка на реката пред неа инстантно ги бркаше сите грижи, како течението да носеше сè со себе: архитектонско студио, архитектонско проектирање, урбанистичко планирање... Чувствуваше дека самото држење на телото ѝ беше поопуштено и сфати дека имаше блага насмевка на лицето.

Беше благослов да се живее во место со ваква прекрасна река, која во средишниот дел на градот беше широка, помирна и прекрасна за гледање, а на неколку места

кои беа пооддалечени од центарот имаше потесно и покривулесто корито, па течеше побрзо, како буица, во вечно итање, како да сакаше да надомести што коритото е помало, па се туркаше самата себеси за да не заостанува. Денес, овде, изгледаше како истовремено да те кани, но и како да се заканува. Во средината на мај сè беше букнато и раззеленето, расцветано, размирисано. Но водата беше прилично студена, типична речна, а идилично прекрасна и сина од сиво белите камења на речното дно додека светкаше на попладневното сонце. Ги затвори очите и ја навали главата наназад, уживајќи во нежната сончевина на своето лице. Потоа длабоко вдиша преку нос, влажен воздух кој мирисаше на млада трева, на диви костени, на момина солза.

Нејзината долга, темна брановидна коса беше крената во висок кок, а неколку прамени веќе беа побегнати од ластичето, врамувајќи ѝ го лицето и медено кафените очи кои речиси секогаш имаа некој детинест палав сјај.

„Спремна? Да не се пишмани?“ довикна нејзиниот пријател и колега од факултет, Евгениј.

Иако реката беше помирна на местото каде што се влегуваше со кајаците, малку подолу веќе фаќаше брзак и мораа да викаат за да се чујат низ бучавата. Додуша, Евгениј *секогаш* беше гласен.

Ирис се сврте кон него и му се исклешти со трема. „Поспремна, здравје.“ Потоа погледна лево од себе, кон својата најдобра пријателка, Кетрин, да го проследи истото прашање.

„Кејт?“ рече и ѝ се исклешти.

Кејт беше позафатена со местење на очилата за сонце на врвот од главата отколку со безбедносниот елек.

„Јас си кажав дека немам намера да веслам, нека му ја мислат другите!“ викна. „Дојдов да фатам малку боја, а не воспаление на мускули или настинка.“ Секогаш директна и искрена, предизвикувачки погледна во својот партнер, кој затресе со главата додека клекнат го подготвуваше нивниот кајак. Знаеше на што се нафаќа, но повеќето мажи лесно прифаќаа барања од Кетрин ако тоа значеше шанса да поминат време со неа.

Сите од нивната група полека почнаа да ги внесуваат кајаците во водата, кој сам, кој во пар, и Ирис длабоко вдиша кога седна. Евгениј ја оттурна малку од брегот и ѝ викна да почне да весла.

И почна, од почетокот малку несигурно, но потоа фати ритам. Имаше доволно ширина за да го осетиш просторот и да импровизираш, а во овој дел водата беше доволно мирна за и почетник да може да го диктира правецот и да ги следи другите. Но по некое време, нивната група почна да се цепка, едни се врткаа во широкиот мирен дел како да сакаа само да уживаат во природата и сонцето, како да дошле само да направат пауза од учењето, а три кајаци полека почнаа да се спуштаат надолу.

Таа се сепна, како растргната; не знаеше дали како почетник да се држи до оние кои се сончаа со лежерно веслање колку да стојат во место, каде што беше и кајакот на Кетрин, или да ги следи поискусните кои се упатија надолу.

Што беше најлошото што можеше да се случи? Овде постојано кајакареа аматери, имаше куп луѓе наоколу, носеше безбедносен елек, знаеше одлично да плива, беше во добра физичка форма и... еднаш се живее.

Како што коритото се стеснуваше, така струјата стануваше посилна од очекуваното, но таа успеваше да држи чекор со пријателите кои глатко се спуштаа по реката.

Откако влезе во елемент, почна да се опушта и да ги забележува глетките наоколу – природниот дрворемен ѕид на брегот и тревата полна со разнобојно цвеќе. Од левата страна се наоѓаше брдо, мала планина всушност, каде што жителите на градот планинареа и се рекреираа за викендите. Реката кружеше околу целото тоа брдо, на чија јужна страна имаше прекрасна викенд населба. Во последно време, во викенд населбата Сончев Рид се градеа сè повеќе куќи за живеење, не само викендички, затоа што луѓето сè помалку го сакаа животот во градот, во метежот, во загадениот воздух и бегаа горе на 600 метри надморска височина која наградуваше со планински чист воздух, бесценет поглед на целиот град и реката од некои

места, бујна зимзелена шума, двојно поубава клима во секое време од годината и тоа на само десет минути возење со кола од центарот.

Се воодушевуваше од новите градби во Сончев Рид, од нивниот диверзитет и квалитет. Некои градеа модерни, енергетски ефикасни куќи со скапи фасади, базени и фото волтаици на крововите додека други го претпочитаа ретро стилот и одбираа дрво, камен и други безвременски елементи инспирирани од природата за да го креираат својот личен рај на планината.

Беше целосно исклучена и потоната во спокојот кога одеднаш почувствува како кајакот остро врти надесно. Целото тело ѝ се згрчи, а очите ѝ се ококорија кога инерцијата ја натера  да се наведне нанапред и за малку ќе ги испуштеше веслата. Се обиде да го промени правецот, но струјата овде беше многу посилна и ја затекна неподготвена. Кајакот диво се заниша во предниот дел, надвор од нејзина контрола, и забрза директно кон куп поголеми камења. Одеднаш ја обзеде паника, ги стегна веслата со сета сила и почна манијачки да весла, но предоцна беше.

Кајакот удри во камењата со тапо „ДУФ", исфрлајќи бран вода кон брегот и таа... беше заглавена.

„Е баш супер", си промрморе под нос и нервозно тргна еден воден прамен коса од лицето.

Срцето забрзано ѝ биеше, а мозокот веќе беше во потрага по решение. Се доближи до крајот на кајакот и почна да турка со сета сила, но залудно. Ја смени позицијата, се потпре со едната рака внатре, ја постави убаво левата нога за отпор, а потоа ја извади десната надвор и проба силно да се оттурне од камењата, но струјата беше преинтензивна.

И додека стоеше така, со едната нога внатре, другата надвор од кајакот, а задникот во вис, слушна глас зад себе.

„Да не треба помош?" извика зарипнат машки глас кој јасно се слушна и преку 'ржењето на реката.

Сепнато ја сврте главата и го здогледа човекот кој со леснотија веслаше кон неа.

Имаше коса со боја на песок, кратка и малку разбушавена, и светли, речиси провидно сини очи. Веднаш ја забележа вретенестата мускулеста градба која беше показател дека тој поминуваше многу време во физички активности, па веројатно и затоа веслаше со таква леснотија. Маневрираше со кајакот со извежбани движења кои правеа да делува истовремено моќно и грациозно.

„Да, малку помош не би била на одмет“, одговори, оценувајќи дека ова не беше еден од оние моменти кога требаше да му покаже на целиот свет дека може сѐ сама.

Тој довесла до неа и посегна со едната силна, исончана рака за да го стабилизира нејзиниот кајак. „Јас сум Итан, патем“, рече упатувајќи ѝ една момчешка, но успокојувачка насмевка.

„Ирис“, одговори таа, благодарна за помошта.

„Си го погодила најзезнатиот дел од реката. Им се случува и на најдобрите“, рече тој, проценувајќи ја ситуацијата. „Добро сега, јас ќе те повлечам. Само држи се.“

Таа кимна, фаќајќи се со двете раце за страниците од кајакот додека тој се позиционираше. Со неколку силни повлекувања и маневри кои нејзе ѝ се чинеа експертски, успеа да го одглави кајакот како да не беше никаков проблем.

„Еве сме“, рече, а таа го олабави цврстиот стисок и полека се исправи. „Мислиш дека ќе можеш сама до крајот каде што завршува рутата?“ ја праша, со тон кој како да задеваше, но не нељубезно.

Ирис го погледна со комбинација на олеснување и фрустрација на лицето. „Мислам дека ќе можам. Фала ти. Не сум баш некој професионалец“, се поднасмеа со трема, небаре не беше очигледно.

И тој се насмеа - смеа топла и успокојувачка како сонце кое се пробива низ облаци. „Нема врска. Сите мора да почнат од некаде. Ајде следи ме мене и ќе биде океј.“

Почнаа заедно да веслаат иако Ирис мораше да се напрега повеќе од претходно за да држи чекор со него, но беше решена да не го кочи.

Тој повремено погледнуваше наназад, ѝ посочуваше пречки во водата и ѝ даваше насоки како да управува низ струите, јасни и концизни.

„Па, што те доведе наваму денес?“ праша кога повторно стигнаа до еден поширок и помирен дел.

Таа слегна со рамената, сè уште фокусирана на веслањето за да не направи повторно некој пропуст. Беше личност што учеше од сопствените грешки, организирана и секогаш со план. „Ми требаше издувен вентил од испитната сесија. А секогаш сакам да пробам нешто ново. Но не очекував да биде олку предизвикувачко.“

„Ахм, кајакарењето знае да биде зезнато на старт“, рече Итан, поминувајќи со рака низ косата. Таа забележа дека имаше неверојатно правилен нос, ариевски. Целиот беше таков всушност. Со светлата коса, светлите очи и светол тен, кој изгледаше како да беше од оние кои не горат и поцрвенуваат, туку само потемнуваат и добиваат прекрасна бронзена нијанса, изгледаше како излезен од некоја реклама за „outdoor lifestyle“.

Го имаше оној изглед што веднаш можеш да замислиш дека ќе изгледа подеднакво добро и кога ќе старее, а истовремено можеш да видиш какво дете бил. „Ама откако ќе влезеш во шема, знае да биде одлично. Адреналин, интензивна физичка активност и релаксација – три во едно. Ретки се активностите од кои можеш да ги добиеш сите три.“

Ирис повторно набљудуваше со каква леснотија се движеше тој низ водата. Одблесоци од сончевата светлина се одбиваа од површината и златното се рефлектираше во неговиот поглед. „Ти често го правиш ова?“

„Секогаш кога можам“, одговори. „Водата ми е и клетва и лек. Да можам, би *живеел* на вода. Ме релаксира како ништо на светот, без разлика дали е кајакарење, пливање, ловење риба.“ Се насмеа и слегна со рамениците, а потоа ги прекрсти долгите нозе кај глуждовите и лежерно се потпре со грбот на страницата од кајакот.

„Па, фала уште еднаш што ме спаси“, се поднасмеа таа.